


ИЗДАНИЕ БР.2, МЕСЕЦ ЈУНИ 2018

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР



# СРЕДБА СО ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Почитувани,

Уште од самиот почеток се стремиме кон тоа општината да биде отворена и транспарентна. Со почетокот на проектот "Мој општинар" започнавме секојдневно се повеќе да се доближуваме до граѓаните на Општина Кавадарци и да ги запознаваме со тековните и планираните активности. Но она што е од големо значење е тоа што преку овој проект и ние сме запознати со сите проблеми со кои се соочуваат жителите на Општина Кавадарци.

Сите проблеми и потреби кои ги имаат граѓаните ги дознаваме преку општинарот кој е задолжен за реонот во кој тие живеат. Според ингеренциите и надлежностите на локалната самоуправа проблемите навремено се решаваат.

Во текот на изминатиот месец остваривме средба со МЗ с.Ваташа, МЗ с.Дреново и МЗ с.Возарци. На терен заедно со жителите ги видовме сите веќе завршени активности.

Со заедничка прошетка низ овие села ги лоциравме проблемите и заедно го направивме планот за понатамошните активности. Некои помали проблеми почнаа да се решаваат уште наредниот ден, за останатите планирани се проекти и во брзо време реализирање на истите.

Во наредниот период ќе се остварат средби со сите месни заедници. Преку овие средби и преку проектот "Мој општинар" сакаме да оствариме една убава комуникација со жителите и заедно да создадеме подобри услови за живеење.

Наша обврска е реализираме проекти и да ги решаваме Вашите проблеми.

Ваша обврска, драги сограѓани, е да се грижите за околината во која живеете, да го негувате тоа што е сработени и заедно да успееме во намерата Кавадарци да биде на прво место.

Со почит,
Градоначалник
м-р Митко Јанчев

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2018 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*

Долгогодишното одржување на Тиквешкиот гроздобер претставува една богата традиција која ја отсликува културата на овие простори. Преку гроздоберските денови на уметнички начин се претставува главната дејност во Тиквешијата, одгледувањето на винова лоза и производството на вино.

Од дамнешни времиња па се до денес производството на вино е од големо значење за овој регион каде што жителите со љубов и со многу посветеност го поминуваат целиот процес на прозиводството на вино.

Оваа година подготовките за Тиквешки гроздобер 2018 година веќе одамна се започнати. Сите училишта повторно ќе се вклучат во традиционалното Карневалско дефиле. Три дена Кавадарци ќе биде центар на богата и културна програма со која се обидуваме да привлечеме многу туристи.

Програмата е богата со содржини за сите возрасти. Главната сцена ќе биде поставена на Градскиот плоштад, уште една сцена ќе биде поставена во Полицајското паркче и еден ден ќе имаме уште една, трета сцена. Избор за сите генерации, распеано Кавадарци, раздвижени улици и дегустација на вино. Нека бидат ова денови за паметење.

Кавадарци ќе живее во духот на грозјето и виното. Цела година кавадарчани со труд и пот и многу љубов одгледуваат винова лоза и со многу љубов произведуваат вино и други производи од грозје. Во овие гроздоберски денови ќе можеме да им покажеме на нашите гости за нашата трудољублива работа и со огромно гостопримство да бидеме добри домаќини.

Сите заедно да создадеме манифестација за која со гордост ќе кажува.

Сите заедно да бидеме сведоци на успешни и празнични денови кои ќе остават еден убав белег за нашето Кавадарци.

Нека ова биде повик за Вас, драги сограѓани, да се вклучите во организирањето на Тиквешки гроздобер, да покажете гостопримливост и да се гордееме сите заедно на сработеното и на одличното производство на вино.



## САНИРАЊЕ НА КОЛОВОЗНИТЕ ЛЕНТИ

Комуналната изградба во делот на улицит стартуваше со нов поголем проект согласно кој ќе бидат ревитализирани коловозните ленти на неколку значајни сообраќајници во градот. Механизацијата и работниците на фирмата„Изолација" од Скопје започнаа со гребење на стариот и оштетен асфалт на значаен дел од улиците „Ѓоре Брушански", „Браќа Цунови", „Народни херои" и улицата„Дисанска".

Општината Кавадарци во склоп на оваа градежна кампања ќе ги санира оштетувањата кои создаваа проблеми при нормалното одвивање на сообраќајот по што како ревитализирани ќе го стави во функција на користење на граѓаните.

## САНИРАЊЕ НА КОЛОВОЗНИТЕ ЛЕНТИ



Во с.Марена се интервенираше на површина од 195м2, додека во с.Сопот се санираа оштетувања на асфалтот од улиците на површина од 170м2.

За крај од оваа кампања за санирање на ударните дупки, механизацијата работеше на „крпење" ударни дупки на површина од 150м2 на неколку улици во градот. Со оваа кампања на општината се санирани оштетувања на улиците во Кавадарци и селата на вкупна површина од 800м2.

На повеќе улици низ градот се санираа најопасните оштетувања пред се на регионалните улици, каде има и најголем интензитет на сообраќај.



## ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК

Како дел од комуналната изградба Општина Кавадарци го реализираше проектот за поплочување на крак од ул. „Кузман Јосифовски-Питу" во Кавадарци. По претходно извршена експропријација се создадоа услови за пробивање на крак од улицата со кој им се овоозможи слободен и урбанизиран пристап на жителите на неколку куќи од овој дел на градот до улицата „Кузман Јосифовски -Питу". Откако се изврши трасирање на кракот од улицата и беа поставени рабници и тампон, со поставување на бехатон коцки на вкупна површина од 270м2 заврши последната операција.

## ПРОБИВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА УЛИЦА



Општина Кавадарци го реализираше проектот за пробивање и изградба на улицата „Лазо Асијата" веднаш до Турските гробишта. Вкупната должина на улицата изнесува околу 200 метри и површина од 600м2. Проектот предвидуваше поплочување на површина од 400м2, односно на две третини од улицата со бехатон коцки, додека површината од 200м2 како дел од завршните работи се покри со бетон.

Со пробивањето на овој крак општината им излезе во пресрет, па сега пристапот до нивните домови до главната улица е скратен.

## АСВАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ



На улицата „4 Јули“ поставена е нова асвалтна подлога на вкупна површина од 1200м2, со дебелина од 5 сантиметри. Новиот асвалт се постави на потегот од спојот на улица „4 Јули“ со улицата „Илинденска“ до спојот со улицата „Љубашка“.

ЈП „Комуналец“ изврши комплетна замена на старата и дотраена бетонска канализација со профил фи150мм, со нова ребраста цевка чии профил изнесува фи 250мм.

Беа обновени вкупно 100 метри, со 12 пропратни приклучоци.

Асвалтирање на крак од улицата „Диме Туриманџов“ на површина од 200 м2.

Со овој зафат општина Кавадарци изврши ревитализација на дел од оваа улица до спојот со улицата „9 Бригада“ кој беше значително оштетен. Се асвалтира ул. „Јане Сандански“. Се изврши поставување на нов слој асвалт во должина од 160 метри и тоа од спојот с ул. „Задругарска“ до спојот со ул. „Народен фронт“. Се асвалтирање ул. "Црноречка".



## АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ

Вработените во Локална самоуправа, ЈП Коуналец, Дом на култура, Музеј галерија, Противпожарна единица, СЦ Јасмин и Библиотека Феткин имаа акција за чистење на 15 локации во градот. Вработените заедно со Градоначалникот г-дин Митко Јанчев и директорите на институциите беа поделени во тимови и честеа на различни локации. Оваа акција е спроведена со цел да се подигне свеста на граѓаните на повисоко ниво и пред се за убаво и чисто Кавадарци.





## ДОНАЦИЈА НА ДВЕ ВОЗИЛА

Против пожарната единица на Општина Кавадарци во чест на Денот на пожарникарите 20 мај, доби уште една донација. Овојпат се работи за противпожарно возило скала, кое зе потребите на противпожарната единица го набави фирмата „Машинокоп“ од Кавадарци. Возилото е наменето за интервенции при гаснење на пожари во висококатни згради, како и за спасување на луѓе при различни интервенции на високи објекти.

При посетата на Полициската станица од општа надлежност Кавадарци, а во чест на денот на полицијата 7 Мај, Градоначалникот г-дин Митко Јанчев го претстави новото комби возило кое ќе служи за интервенции на кавадаречката полиција. Возилото е донација од општествено одговорните компании „Кожувчанка“ и „Кав-комерц“ од Кавадарци. Тоа е ново комби возило обезбедено од „Кожувчанка“ и „Кав комерц“, односно двете компании го даваат на општината како донација, а општината го донира на полициска станица Кавадарци.



## ОТВОРЕНА НОВАТА КОНЦЕРТНА САЛА

На свечен начин беше предадена во употреба новата концертна сала во ОМБУ „Лазо Мицев-Рале“ во Кавадарци. На свеченоста присуствуваа: Градоначалникот г- дин Митко Јанчев, заменик помошник администраторката на Бирото на УСАИД за Европа и Евроазија Гречен Биркл, потполковникот Ерик Рајс од Военото аташе на САД, и претставници на УСАИД.

Концертната сала општината ја градеше со помош на УСАИД, Европската команда на САД и бизнис секторот. Исто така со свеченоста се означи и крајот на реновирањето на просториите на музичкото училиште.

Градоначалникот Јанчев во своето обраќање на свеченоста ја нагласи важноста од зајакнувањето на граѓанските вредности кај младите, со цел тие да станат активни учесници во своите заедници и да градат силни пријателства со врсниците.

Од УСАИД во изјавата за медиумите ја нагласија важноста на овој објект кој во партнерство со општината се градеше во изминатиот период.

„Горда сум на ова широко партнерство помеѓу Европската команда на САД, УСАИД, општините и локалните заедници воспоставено за реновирање на училиштата. Преку оваа партнерство, од 2011 година, Европската команда на САД има инвестирано над 1,5 милиони долари за реновирање на 63 училишта, вклучувајќи го и вашето, паралелно работејќи на развојот на етничката кохезија во Македонија“ истакна Биркл.

“Новата концертна сала е од големо значење и за училиштето. Учениците од ОМБУ „Лазо Мицев Рале“ од Кавадарци од денеска понатаму ќе можат наученото да го презентираат на концерти во новата концертна сала“ рече директорот Златко Јованов.





# ПЛАНИРАНИ РАБОТИ




**Општината Кавадарци** во мај реализираше повеќе проекти од комуналната сфера со кои се подобрија стандардите на урбаното живеење на граѓаните. Асвалтирање на улици, нивна реконструкција како во градот така и во селата. Поплочувања на уици и тротоари, како и хортикултурно уредување на просторите зад зградите на булеварот „Кочо Рацин“ и зад зградите „Лепотици“. Комуналната изградба во месец јуни ќе продолжи со ист интензитет.



Приоритет ќе биде ставен на проекти поврзани со асфалтирање на неколку улици кои се реконструираа: ул. „Браќа Џунови“, ул. „Методија Џунов-Џико“, ул. „Народни херои“, потоа улиците „Ѓоре Брушански“, „Струшка“ и „Јован Планински“.
Освен ова ќе бидат реализирани и проекти за асфалтирање на краци на улиците „Праведничка“, „Домовица“ и „Орце Николов“.
Општината ќе реализира и комунална изградба во селото Марена каде ќе се работи на уредување на неколку улици. Улици ќе се уредуваат и во селата: Брушани, Чемерско, Бегниште, Ресава и Сопот.
Во овие Месни заедници ќе бидат поставени бехатон коцки согласно програмата за поплочување од комуналната изградба.
Во јуни се планираат и интервенции за одржување и обновување на урбаната опрема во градот, а ќе се зголеми и бројот на детски забавни игралишта на неколку нови локации. Во текот на месец јуни предвидено е и отварање на новата детска градинка.

**ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци**

Во пресрет на новата учебна година, дечињата од градинката, идните првачиња, беа во посета на училиштето. Топло пречекани од нивните постари другарчиња, со песна, игра и стихови, тие беа запознати со условите во училиштето, кои со менаџирањето на Директорката Ѓурѓица Алексова ја достигнаа визијата на современо и европско училиште.

Учениците од ООУ "Тошо Велков Пепето" кои се членови на Ученичката заедница и Ученици правобранители во училиштето на 27.04.2018 год. беа во посета на Градоначалникот г-дин Митко Јанчев со цел презентација на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето". Овој проект во училиштето се реализира во соработка со Коалицијата на младински организации СЕГА и поддршка на МОН и БРО, како едно од десетте училишта во Р.Македонија. Учениците од ова училиште беа учесници и на општинскиот натпревар од областа на сообраќајот, освоија екипно I место и со тоа стекнаа право на учество на регионалниот натпревар, каде и таму го повторија успехот и беа дел од државниот натпревар во сообраќај. Во рамките на наградниот конкурс „Еко пакет Македонија 2018" беше одржан училишен натпревар на кои учество земаа ученици од прво до петто одделение. Комисијата согласно критериумите ги избра најдобрите три уметнички дела кои ќе учествуваат на престојниот државен натпревар. Свеченото одбележување на патрониот празник на училиштето, пропратено со кратка културно уметничка програма, беше и денот кога се сумираа резултатите на една успешно завршена учебна година. И оваа година беше посветен повторно на учениците , на нивните достигнувања и успеси. Прогласувањето на првенците на генерацијата за учебната 2017/18 год. Михаела Темелкова, Тања Иванова и Нела Честојанова, од страна на Директорката, како и наградувањето на сите останати ученици кои покажале континуиран одличен успех и посебни достигнувања во одредени области како Аница Цветкова, Ѓорѓи Филковски, Маја Манева, Живко Стоимчев, Симона Петровска, Ристе Димовски, Фани Јованова, Христина Ристевска и Иван Милошевски во ликовната област, од страна на Фондот за талентирани и надарени ученици го направи овој ден уште позначаен и исполни со гордост многу ученици и родители Активностите во училиштето за месец мај ги заокружуваме со посетата на Г-ѓа Гречен Биркл, висок преставник на Биро за УСАИД за Европа и Евроазија од Вашингтон, заедно со г. Едвард Гонзалес, Директор на Канцеларијата за развој на УСАИД во Македонија и Директорката на Фондацијата „Чекор по чекор" Сузана Киранџиска. Посетата на училиштето беше со цел запознавање со подобрените услови за работа во училиштето, како реновирање на тоалетите на учениците,училниците, дворот, пренамена на училишната библиотека во современа медиотека за учени-цитеи сл. На крајот би сакале да нагласиме дека овој месец беше и месец на натпревари, каде нашите ученици постигнаа завидни резултати, како на општинско, така и на регионално и државно ниво во повеќе области. Сите се гордееме со нивните успеси.





**ООУ „Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци**




**30.04.2018** – Реализиран излет во Демир Капија – посета на метеоролошка станица со ученици од IV одделение.
**05.05.2018** – Регионален натпревар по предметот Германски јазик под менторство на наставничката Андријана Ласкова.
**06.05.2018** - Дарко Стојчев – IX одделение - I место на Државен натпревар по предметот Хемија под менторство на наставничката Гордана Нечева.
**19.05.2018** – Дарко Стојчев – IX одделение - I награда на Државен натпревар по Физика под менторство на наставничката Христина Камчева.
**09.05.2018** –Дарко Стојчев – IX одделение - II награда на Државен натпревар по предметот Географија под менторство на наставникот Марјан Михов.
**23.05.2018** – Дарко Стојчев – IX одделение – I награда на Државен натпревар по предметот Биологија под иенттoрство на наставничката Соња Иловска.
УЧЕНИКОТ ДАРКО СТОЈЧЕВ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ ЌЕ СЕ НАТПРЕВАРУВА НА ЈУНИОРСКА ОЛИМПИЈАДА ВО СКОПЈЕ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ПРИРОДНИТЕ НАУКИ.
**09.05.2018** – Посета на Саем на книги со ученици од VI до IX одделение.
**09.05.2018** - Учениците од II одделение заедно со своите наставнички Цвета Маркушева, Слободанка Стоева, Елеонора Гурева, Снежана Костова и Елизабета Филипова го прославија денот на еТвининг со цртање на познати уметнички дела од Миро и Матиз. Наставничката по ликовно образование Ива Јосифова заедно со своите ученички Тања Бикова, Емилија Стамаџиева, Александра Ташева и Борјана Трајкова претставија на цртежи две уметнички дела од светски познатиот уметник од Кавадарци, Симон Шемов.
**10.05.2018** - Милица Василова – IX одделение – финалист на 12-ти Меѓународен фестивал за детска поезија Детско царство во Бања Лука - Босна и Херцеговина под менторство на наставничката по предметот македонски јазик Лиле Жабоска.
**10.05.2018** – Еко-секцијата под менторство на наставничката Соња Иловска го уредуваа училишниот двор со изработка на жардинерии од пластични шишиња и изработка на сталажа за жардинерии од палети, како и засадување на цвеќиња и средување на училишниот двор.
**10.05.2018** - Училишен конкурс за тетрапак амбалажа на тема "Зелен транспорт"
**11.05.2018** - Државен натпревар по Атлетика под менторство на наставникот Симон Лазоровски.
-Костадин Трајков – I место во Р. Македонија на 800m
-Ангела Каровска – II место на 60m
**12.05.2018** - Во организација на Црвен Крст -Кавадарци се одржа натпревар „Прва Помош" под менторство на наставникот Перо Попов и Билјана Стефковска.
**18.05.2018** – Општински натпревар "ЕКО - КВИЗ" – учениците од V одделение под менторство на наставничката Лидија Бакева освоија II место.
**19.05.2018** - Општински натпревар во фудбал преку проектот Фудбал во училиштата.
Фудбалската екипа Победа од ООУ "Тоде Хаџи - Тефов" – прва екипа на општинскиот натпревар.
**22.05.2015** – Државен натпревар по Македонски јазик
-Борјана Трајкова VIII одделение – II место – ментор: Марија Трајкова
-Даниела Ризова IX одделение – II место – ментор: Лиле Жабоска
**23.05.2018** – Учество во манифестацијата "И јас сум дел од сообраќајот"

## 115 ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ.





Работилница со наслов "Етнолошки предмети од Тиквешијата" - проект со деца со посебни потреби од О.У. Страшо пинџур. Реализација на проектот 31.05.2018 година во согласност со наставниците од посебната паралелка во училиштето. Запознавање на децата со посебни потреби со дел од етнолошките предмети со кои располага Музеј-галерија Кавадарци.

Раководител на Проект: Т. Крстевски, учесник: Б. Галабова

По повод Светскиот ден на Музеите 18-ти Мај, на 17-ти мај во 12.30 часот е отворена ликовна изложба насловена како ``Уметнички дела од збирката на Локален Музеј-галерија Кавадарци``. Оваа ретроспективна изложба им понуди на посетителите поблиску да се запознаат со делата од музејската збирка кои со години не биле изложени. Повеќе од 25 домашни и странски уметници беа опфатени во оваа изложба а некои од нив се етаблирани во врвот на домашната,уметничка сцена како: Петар Мазев, Глигор Чемерски. Симон Шемов, Ана Темкова, Љубомир Белогаски, Никола Баснарков, Ристо Соколов Јован и Ружица Јосифовски и др.

По повод денот на словенските просветители Св. Кирил и Методиј 24 Мај, на 23-ти истиот месец отворена е изложба на фотографии насловена како ``Манастирски бисери``. На изложбата на 40 панои се презентирани над 80 фотографии преку кои им понуди на посетителите едно убаво искуство и запознавање со дел од културното богатство – иконопис и резба што го поседуваат нашите три тиквешки и македонски манастирски бисери и тоа: црквата Св.Ѓорѓи - Полошки манастир од 14 век, црквата Св.Никола- Моклишки манастир од 16 век и црквата Св.Архангел Михаил - Бошавски манастир од 19 век.

**4 Мај** –116 години од загинувањето на војводата Пере Тошев , делегација на Здружение на борци од Кавадарци и делегација од Советот на Општина Кавадарци заедно со претседател на советот Г-дин Ристо Сакалиев како и преставници од одделението за култура во Локална Самоуправа., положија свежо цвеќе на саркофагот во Дреновската клисура.

## ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ МАЈ СЕ ОДБЕЛЕЖАА СИТЕ ЗНАЧАЈНИ ДАТИ, НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ЈУБИЛЕИ.



**4 Мај** –115 години од загинувањето на Гоце Делчев во дворот на ООУ Гоце Делчев, букети свежо цевеќе положија делегација предводена од Градоначалникот м-р Митко Јанчев и преставници од одделението за култура, претседателот на советот на Општина Кавадарци г-дин Ристо Сакалиев заедно со советниците.



**6 Мај** – одбележување на 27 години од убиството на Сашко Гешкоски во Сплит, положено свежо цвеќе на споменикот на градските гробишта Кавадарци од делегација на Општина Кавадарци, здружение на борци и ветерани од војните во бивша Југославија.

**9 Мај** – одбележување на денот на победата над Фашизмот , полагање на букети свежо цвеќе на споменикот на градскиот плоштад, делегација од одделение за култура, советниците од Советот на Општина Кавадарци, здружение на борци.

**12 Мај** – одбележување на 74 години од загинувањето на првоборецот Мара Димова, положено свежо цвеќе пред бистата во Паркот на револуцијата, здружението на борците заедно со советници од Советот на Општина Кавадарци .

14 Мај – одбележување на 75 години од формирањето на одредот Добри Даскалов и загинувањето на првоборците Миле В' чков , Лазо Стојанов, и Цано Поп Ристов , положено свежо свеќе пред спомен плочата на патот пред село Бојанчиште.

# ТЕАТАРОТ ВО КАВАДАРЦИ





Кавдаречкиот Театар со полна муабет работи на најновиот проект „Ужасите предизвикани од пасивно пушење„ текст на Небојша Ромчевиќ во режија на Јордан Витанов. Еден современ текст напишан 2016 година кој е само еднаш поставен во Србија во Белград во Театарот Звездара и ова е второ поставување воопшто во нашиот Театар. Игра позната кавдаречка актерска екипа:
Диме Коцевски, Видан Станоев, Диме Боцев, Љупчо Настов и Коле Колев.
Премиерата е закажана на 20ти јуни.

Пред 10тина дена се одигра премиерата на детската претставата „Збунета Бајка„ прва претстава во продукција на Драмското Студио „Реплика Прва„ со кое раководи Диме Коцевски и каде дечките од Реплика Прва пред своите родители, роднини, баби, дедовци ја одиграа својата прва улога на Штиците што живот значат.

# ЕКО КВИЗ







Под покровителство на Градоначалникот на Општина Кавадарци, „ФЕНИ Индустри“ и Еколошкото друштво „Тисовец“ од село Возарци, во салата на Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ се одржа четвртиот „Еко квиз“ натпревар.

Учествуваа екипи од петто одделени од шесте кавадаречки основни училишта. Победник беше екипата на учениците од ООУ „Гоце Делчев“ од Кавадарци. Во финалниот круг тие за нијанса беа поуспешни од своите врсници од ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ и го освоиа првото место.

Учениците одговараа на прашања од екологијата, а ги оценуваше стручно жири составено од стручни лица поврзани со екологијата.

Пред натпреварот покровителот, градоначалникот г. Митко Јанчев во изјава за медиумите ја поздрави организацијата на квизот и додаде: „ Ние како општина се стремиме во што подобро имплементирање на екологијата и еколошките стандарди во секојдневниот живот. Учениците од 5 одделение се на вистинскат возраст, и заедно со своите родители ветува создавање на еколошки одговорни личности. Верувам дека заедно со компанијата „ФЕНИ Индустри“ и еколошкото друштво „Тисовец“ ќе ја задржиме традицијата, ќе ја прошириме во повеќе сегменти, а квизот понатаму ќе расне и во регионално натпреварување“.

Во изминатите 4 години низ организацијата на квизот во основните училишта меѓу учениците од петто одделение поминале над 2000 ученици кои забавувајќи се учеа и за екологијата и основните правила во зажтитата на животната средина.





На Државното првенство во слободно летачки модели кој се одржа на спортскиот аеродром Коњари во Прилеп на 6 мај, во категоријата Ф1А Небојша Стошиќ го освои Второто место во поединечна конкуренција , додека во екипна конкуренција е освоено првото место во категоријата Ф1А ,пред аеро клубовите од Битола , Прилеп и Скопје. Во подинечна конкуренција во категоријата Ф1Х Марјан Димов го освои првото место.

Ракометниот клуб ГРК Тиквеш 2014 во натпреварувачката сезона 2017 -2018 година се натпреваруваше во машка пионерска лига организирана од ракометната федерација на Македонија, генерација 2002 и помали. На завршниот турнир во Скопје учество земаа ГРК Тиквеш 2014, РК Вардар, РК Аеродром и РК КЛ7 од Струга. Во натпреварувачката сезона учество во лигата земаа 40 клубови во Македонија од кои ГРК Тиквеш 2014 го освои 3 то место.

Џудо клубот Кожувчанка продолжува со одличните резултати и на државното првенство. На ова првенство учествуваа 18 клубпви од Македонија со ичество на повеќе од 200 натпреварувачи. Џудо клубот Кожувчанка учествуваше со 9 такмичари. Освоени се вкушно 7 медали. Никола Петров во категорија до 50 кг освои златен медал. Тоше Петров во категорија до 25 кг освои сребрен медал и Игнат Петров во категоријата до 34 кг бронзен медал, додека во кадети се освоени 4 медали. Розе Милкова во категоријата до 52 кг златен медал, Марија Илиевска во категорија до 40 кг сребрен медал, Благица Колева до 70 кг сребрен медал и Благој Тодоров до 55 кг бронзен медал. Преку ова првенство во репрезентацијата влегоа Никола Петров и Розе Милкова кои се државни прваци и Благица Колева, Марија Илиевска и Тоше Петров кои беа финалисти на првенството.






КК Урбан Инвест–Кавадарци

Од 27 до 29 април во Белград, Србија се одржа Балканско првенство за натпреварувачи од 11 до 14 гидини. Данка Стојкова во категоријата кати поединечно го освои бронзениот медал.

На 13.05.2018 година во спортската сала на ОУ Наум Наумовски Борче- Скопје, се одржа Меѓународниот натпревар Солидарност опен 2018 година.

На натпреварот учество земаа 530 натпреварувачи од 45 клубови од Македонија, Србија и ЦрнаГора.

КК Урбан Инвест со освоени 11 златни, 11 сребрении, 8 бронзени е прогласен за најуспешен клуб на натпреварот а Стефанија Грозданова со 2 златни и 1 сребрен медал за најуспешна натпреварувачка во кати.

Отворање на сала - доџо, наменето и опремено за карате спортот. Новата сала ќе биде во функција 24 часа на натпреварувачите на клубот се со цел да се подготват за новите предизвици и успеси. Доџото на карате клубот се наоѓа во спортската сала Јасмин.




# МИА МАРТИНА МАЏУНКОВА

МИА МАРТИНА МАЏУНКОВА е родена на 26.02.2004 година. Ученик е во ООУ „Гоце Делчев“ а со музичко образование се стекнува во ООМБУ „Лазо Мицев - Рале“ Кавадарци, каде што го изучува инструментот ФЛЕЈТА во класата на професор Силвана Чулева Атанасова. Од своите девет години па се до денес учествува на натпревари за млади таленти во државата и надвор од неа, каде што редовно освојува високи награди.

Во 2015 година одржува и свој прв солистички концерт во Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци а воедно и учествува на сите културни манифестации, приредби и концерти во градот.

**Ова се дел од нејзините освоени награди:**

**2012 год.**
Државен натпревар - ПРВА НАГРАДА
**2013 год.**
Меѓународен натпревар КМК - ПРВА НАГРАДА
**2014 год.**
Меѓународен натпревар Пожаревац - ВТОРА НАГРАДА
Меѓународен натпревар ОХРИД ТЕ САКАМ - ПРВА НАГРАДА
Фестивал на млади музички и балетски таленти - ПРВА НАГРАДА
**2015 год.**
Меѓународен натпревар КМК - ПРВА НАГРАДА
Фестивал на млади музички и балетски таленти - ПРВА НАГРАДА
**2016 год.**
Меѓународен натпревар Ваљево - ПРВА НАГРАДА
Меѓународен натпревар ОХРИДСКИ БИСЕРИ - ПРВА НАГРАДА
Меѓународен натпревар ОХРИД ТЕ САКАМ - ПРВА НАГРАДА
**2017 год.**
Меѓународен натпревар Ваљево - ПРВА НАГРАДА
Меѓународен натпревар КМК - ЛАУРЕАТ на натпреварот
Меѓународен натпревар „ПОЛИХИМНИА“ СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)
Државен натпревар - СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)
**2018 год.**
Меѓународен натпревар Белград - ВТОРА НАГРАДА
Меѓународен натпревар „ПОЛИХИМНИА“ СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)
Регионален натпревар - СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)
Општински натпревар - СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)
Државен натпревар - СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА (100 ПОЕНИ)




Метал – Апостолов е компанија која се занимава со преработка, трговија и монтажа на сите видови пластифицирани лимови, изолациони панели како и изработка и монтажа челични констрикции за хали, магацини, деловни простории...

Како релативно млада компанија, се карактеризира со постојан подем и иновативност во работењето се со цел да ги задоволи потребите на своите клиенти.

Формирана е во 2013 година на површина од 7000м2 и тоа производствена хала, машинска работилница, магацински и деловни простории.

Метал – Апостолов како општествено – одговорна компанија во изминатите месеци неколку пати донираше за Општина Кавадарци.

Помогна во набавката на дел од униформите за проектот “Мој општинар“.

Современа метална порта беше поставена на задниот влез на општинската зграда како донација од Метал – Апостолов.

На улица “Благој Крстиќ“ е поставен подземен контејнер со три комори.

Според проектот во контејнерот има прегради за собирање на смет од домаќинствата, како и за собирање на отпад за рециклирање. Ова е прв контејнер како донациоја од Метал – Апостолов и во наредниот период ќе биде во пробна употреба и според реакциите на граѓаните ќе зависи поставувањето на вакви подземни контејнери на повеќе локации.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

Кога ме прашаа дали можам да напишам збор два за новиот Кав'даречки информатор, со задоволство, но пред се чест прифатив веднаш иако не сум пишувач на колумни (ама воа и не е баш колумна,нели?!). Ама и тоа како сум дел од кавдаречката чаршија која е и зародиш на чаршичките или градски муабети. Карактерно сум човек кој е позитивен и го сака добриот хумор, па во таа насока и ќе го пишувам овој мој прв градски муабет, со многу позитива и со прифатлива и симпатична доза на хумор. Јас сум ваташко дете со тапија ама израснато и школувано во високо квалитетната, во тоа време (девејстите), кавдаречка градска школа. Имав голема среќа уште од мали нозе да се запознаам со театарот и уште поголема среќа таа "краста" да ми влезе под кожа и шо е поважно во срцето и преку тој театар да почнам уште мал да се дружам со ногу убави човеци, човеци кои ме научија на работи кои нема никогаш да ги заборавам. Преку тиа убави човеци го засакав и рокенролот, кој остави голем белег во создавањето на мојот музички идентитет. Ние од 90тите имавме среќа за наши чаршички училници и работилници да ги имаме култните „Дечки", „Бос", „Гранц", „Шеснајската", „Еми" итн, итн. Зошто е овој вовед? Затоа што ова го пишувам после една проба во кавдаречкиот Театар и додека го пишувам во позадина вози Pearl Jam со нивниот безвременси албум Ten. Ете и после 25 години од моите први искри на симпатија кон театарот и добрата музика тие се мое секојдневие, мој начин на живот. А зошто е тоа така, зошто не ми се промениле навиките, симпатијата, љубовта кон убавото, и не само мене туку на еден мал милион луѓе од мојата генерација? Затоа што сме посебни? Затоа што сме попаметни? НЕ, туку затоа што бевме послушни ученици на таа како што погоре ја нареков високо квалитетна кавдаречка градска школа. Не е некоја филозофија, само треба да внимаваш и да си редовен на „часовите", да „крадиш" од поискусните, да си искрен со другите но и со себе. Со уште по некое пукање на ушите и некоја чврга, ете од тебе чаршијар, градски човек, еснаф...

За кавдаречката чаршичка школа можат да се напишат сто тома квалитетен материјал ама за потребите на Кавдаречкиот информатор и рубриката „Градски Муабети" барем за овој број доста е.

P. S. Ракометарите и ракометарките на Вардар пак во Final four, Црна Река се врати во елитата во Футсал, Ф.К. Тиквеш се уште кубури во втора лига, Ф.К. Габер од с. Ваташа излезе од трета лига. Манчестер Јунајтед без медал оваа година, Реал трети пат по ред на врвот на Европа.

P.P.S. За 14 дена почнува Светското првенство во најважната споредна работа во светот, и ќе трае цел месец па еве неколку правила од мене за женскиот дел од конзументите на Кавдаречкиот информатор:

Даљинското од убавиот телевизор е наше 1 месец. Кажите им на другарките, братучетките, комшиките да не се мажат оти на свадби виа месец не одиме. Минување пред ТВ јок, или ако виќе морате тоа ќе го правите „пузаќим кораком".

Виа Роналдо и ниа стариот не се браќа. И не, Македонија не е пласирана на светско!!!

Диме Коцевски

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk